Предлагач: Група пратеници

П Р Е Д Л О Г - З А К О Н

за изменување на Законот безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка

Скопје, јули 2017 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 14. 07. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2230/1 | | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка.

Согласно член 134 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, како овластен претставник на предлагачот се определува пратеникот Томислав Тунтев а за заменик пратеникот Горан Мисовски.

ПРАТЕНИЦИ,

1. Томислав Тунтев
2. Mirsad Ekrem Ahmedi
3. Јован Митревски
4. Зоран [illegible]
5. Тодор [illegible]
6. Shpresa Hadri

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е релативно нов закон, од 2015 година и беше усвоен со европски предзнак, што укажува дека во најголем дел е усогласен со регулативите на Европската унија. Со тоа се покажа дека се стремиме кон прифаќање на евроските проекти, во насока на надминување на досегашните недоследности и проблеми кои се појавуваа во пракса и поефикасно функционирање во областа на безбедноста на сообраќајот. Бидејќи основата цел е посттигнување на нула незгоди кај децата и другите ранливи категории неопходно е континуирано унапредување на состојбите преку соодветно ревидирање на законските решенија. Во таа насока се предлагаат измените и на овој закон.

## . II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Целта на Предлог на законот е регулирање и унапредување на состојбите во однос на поголема безбедност на сообраќајот на патиштата. Како и воспоставување на соодветни и фер критериуми за оставарувања на правата на возачачите на сите возрасти и од сите категории.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на Законот не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага Предлогот на законот за изменување на Законот за безбедностна сообраќајот на патиштата, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ- ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015 и 55/2016) во членот 232 став (2) алинејата 2 се менува и гласи: „има возачка дозвола од категориите за кои автошколата има лиценца за давање обуки;".

Член 2

Во член 275 став (1) во алинејата 1 бројот „16" се заменува со број „17".

Член 3

Во членот 304 став (1), бројот „65 " се заменува со бројот „70".

Во ставот (4) бројот „55" се заменува со бројот „65" а бројот „65" се заменува со бројот „70".

Член 4

Во членот 325 став (1) во алинејата 4 бројот „65" се заменува со бројот „70".

Член 5

Во членот 331 став (1), во точката 1), бројот „16" се заменува со бројот „17".

Точката 6) се брише.

Точката 7) станува точка 6).

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата содржи 6 членови.

Во членот 1 кој се однесува на членот 232, се предвидува стручните раководители како дел од стручниот кадар на автошколите да не треба да поседуваат возачка дозвола за сите категории „А“, „Б“, „Ц“ и „Д“, туку само од категориите за кои автошколата има лиценца за давање обуки.

Со членот 2 се менува членот 275, во делот кој се утврдува возрасната граница на лица кои може да управуваат со трактор, и наместо со 16 години се предлага лицата од 17 години да може да управуваат со трактори.

Во членот 3 се менува членот 304 став 1 и во однос на рокот на важење на возачката дозвола предлагаме да се покачи старосната граница , односно на лицата над 70 години да им се издава возачка дозвола со важност од три години, а нека како до сега што беше уредено, за лицата постари од 65 години.

Член 4 се однесува на член 325 и е во насока на усогласување со предложената измена на предходниот член 3, и се предлага на задолжителни конторлни здравствени прегледи да подлежат лицата над 70 години.

Со членот 5 се менува член 331 , каде предлагаме зголемување на старосната граница на децата за стекнување со право на оспособување за управување со моторно возило од „Б“ категорија и наместо со 16 се предлага тоа право да го стекнат со навршување на 17 години возраст. Воедно се брише критериумот за тие деца да имаат одличен успех и примерно поведение, бидејќи тоа не критериум за полагање на возачки испит, и претстваува дискриминирачки критериум за тие деца кои сакаат да се оспособат за управување моторно возило.

Со членот 6 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се меѓусебно поврзани и прават една правна целина

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со предложениот закон ќе се регулира и ќе се унапредат состојбите во однoст на безбедноста на сообраќајот.Ќе се обезбедат соодветни критериуми за полагање на и оспособување на управување на моторни возила и трактори. На повозраните лица , над 70 години ќе им се издава возачка дозвола со пократок рок на важност. А во однос на стручниот кадар на автошколите се предвидува само критериум кој е нужен за функционирање на автошколата.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

## Член 232

(1) Стручен кадар од членот 231 став (1) алинеја 1 од овој закон се лица кои се вработени во автошколата и тоа:
- стручен раководител;
- предавач и
- возач-инструктор.

(2) Стручен раководител од ставот (1) алинеја 1 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има важечка возачка дозвола од „А“, „Б“, „Ц“ и „Д“ категорија;
- има дозвола за возач-инструктор од најмалку „Б“ категорија;
- поседува лиценца за предавач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- поседува лиценца за возач-инструктор.

(3) Предавач од ставот (1) алинеја 2 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има дозвола за возач-инструктор од најмалку „Б“ категорија и
- поседува лиценца за предавач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел).

(4) Возач-инструктор од ставот (1) алинеја 3 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има дозвола за возач-инструктор од категориите за кои врши оспособување и
- поседува лиценца за возач-инструктор.

(5) Предавач по наставната програма укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, може да биде доктор по медицина оспособен за изведување на настава од таа наставна програма, според програма донесена од министерот за здравство.

(6) Стручниот раководител од ставот (2) на овој член, може истовремено да биде и предавач во автошколата.

(7) Во случај кога автошколата има предавач кој не е стручен раководител, истиот може да врши практично оспособување на кандидатите за возачи најмногу до десет наставни часа неделно, согласно со прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 275

(1) Со трактор може да управува лице кое ги исполнува следниве услови:
- да наполнило 16 години возраст,
- да е здравствено и психофизички способно за управување со трактор,
- да положило испит за управување со трактор или да поседува возачка дозвола од категориите „Б“, „БЕ“, „Ц1“, „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“ или „ДЕ“ и
- со одлука на надлежен државен орган да не му е забрането управување со трактор.

(2) Здравствената и психофизичката способност за управување со трактор, се докажува со уверение издадено од здравствена установа овластена од Министерството за здравство.

(3) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

Член 304

(1) Возачката дозвола се издава со рок на важење од десет години, а на лицата постари од 65 години, со рок на важење до три години.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, возачка дозвола за категориите „Ц1“, „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“, „ДЕ“ и „Т“ се издава со рок на важење до пет години.

(3) Рокот на важење на возачката дозвола се смета од денот на нејзиното издавање.

(4) На лицата кои во време на издавањето на возачката дозвола имаат повеќе од 55 години возраст, возачка дозвола им се издава со рок на важност до денот на навршувањето на 65 години возраст.

(5) По исклучок од одредбата на ставот (4) на овој член, возачка дозвола може да се издаде или нејзината важност може да се ограничи и на рокови пократки од роковите утврдени во ставот (3) на овој член, врз основа на наодот и мислењето на здравствената установа, содржани во уверението за здравствената и психофизичката способност на лицето.

Член 325

(1) На контролен здравствен преглед задолжително подлежи:
- возач кој управува со моторно возило со кое се врши јавен превоз, во временски интервали што не можат да бидат подолги од три години;
- возач на кого му е издадена возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „Ц“, „Ц1“, „ЦЕ“, „Ц1Е“, „Д“, „Д1“, „ДЕ“, „Д1Е“ и „Т“ пред секое продолжување на важноста на возачката дозвола;
- возач на моторно возило на кого му е издадена дозвола со пократок рок на

важност заради здравствената состојба;
- возач на моторно возило кој наполнил 65 години возраст, во временски интервали кои не можат да бидат подолги од три години и
- возач-инструктор пред секое продолжување на важноста на дозволата за возач-инструктор.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице.

(4) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

1. Оспособување за управување со моторно возило

Член 331

(1) Дете може да се стекне со право на оспособување за управување со моторно возило од „Б“ категорија, доколку ги исполнува следниве услови:
1) да наполнило 16 години возраст;
2) да поседува лична карта;
3) да е здравствено и психофизички способно да управува со моторно возило;
4) да има завршено најмалку основно образование;
5) да има согласност од двајцата родители, законскиот застапник или старателот, заверена на нотар;
6) да има одличен успех и примерно поведение во последната завршена учебна година;
7) да има писмена согласност од психологот и педагогот од училиштето во кое учи детето, а доколку во училиштето нема еден од нив и од класниот раководител на ученикот, заверена на нотар.

(2) Оспособувањето за управување со моторно возило на дете се врши согласно со одредбите од овој закон, со зголемен број наставни часови од практичниот дел на наставната програма за 30% во однос на бројот на наставни часови од практичниот дел на наставната програма предвидени за останатите кандидати за возачи.